# ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ЗА СТУДЕНТИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и условите за организирање на практична настава на студентите.

Член 2

Практичната настава не може да трае помалку од еден ниту повеќе од осум часа во денот.

Член 3

Од страна ва високообразовната институција се обезбедуваат услови во соработка со соодветни субјекти за изведување на практичната настава.

Член 4

Во текот на реализацијата на практичната настава студентот треба да е под надзор на ментор од високообразовната установа, кој одговара за успешно реализирање на практичната настава.

Член 5

Студентот за време на реализацијата на практичната настава води дневник за секојдневните активности.

Член 6

Пред почетокот на практичната настава од страна на високооoбразовната институција се известува студентот и му се издава документ-потврда за негово упатување до оргaнизацијата-установата каде ќе се реализира наставата, потпишана од деканот/директорот.

По завршувањето на практичната настава, студентот ја врќа потврдата од став 1 на овој член на единицата на високообразовната установа заверена од организацијата-установата.

Член 7

Високообразовните установи, согласно овој правилник, ќе извршат изменување и дополнување на постојните студиски или предметни програми, во кои што ќе се определи обемот и времетраењето на практичната настава која не може да биде пократка од 30 дена, како и начинот на нејзината реализација.

Член 8

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите („Службен Весник на Република Македонија“бр. 71/09).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6694/1
10 септември 2010 година
Скопје

Министер,
**Никола Тодоров, с.р.**